**Универзитет „Мајка Тереза“ СКОПЈЕ**

**Канцеларија за обезбедување на квалитет**

**Успешно предавање- Карактеристики на совршеност**

Да се биде дел од успешното предавање е инспиративно, и не е лесно да се дефинира. Нешто што професорот го смета за успешно со едната група не може да значи дека ќе постигне еден ист успех и со другата група. Сепак, постои заедничка основа за карактеристиките на совршено учење и предавање. Тука не се работи за тоа дека сите треба да предаваат на ист начин. Но, станува збор за тоа колку му се помага на професорот да размисли, оцени и да го развие својот пристап кон повисок квалитет.

Во продолжение следуваат аспектите за успешна практика и универзитетот очекува да бидат воспоставени од страна на наставниот кадар.

**Презентациски и мотивациски вештини**

Професорите покажуваат позитивен став и однос на часовите кон своите студенти. Тие покажуваат ентузијазам, емпатија, хумор и почит кон своите студенти и внимателно ги слушаат. Тие користат пофалби и охрабрувања и го поддржуваат независното учење. Прилично тие ги водат своите часови на правилен начин. Најдобрите професори се инспиративни и флексибилно својата страст ја пренесуваат на своите студенти.

**Познавање на предметот**

Професорите покажуваат длабоко и точно познавање на предметот. Тие ја промовираат вредноста и целта на ова знаење и вклучуваат теории и истражувања. Тие дават објаснување за практичните примени на ова знаење.

**Планирање**

Наставата е добро испланирана и професорите користат наставна програма, детална шема за работата и знаењето на нивните студенти за планирање на часот (во прилог А).

**Водење евиденција**

Професорите водат точна и ажурирана евиденција како што бара универзитетот, на пр. регистар/список за присуство, наставна програма и наставен палан, податоци за напредок и еваулација. Професорот има познавање и за специфичните барања од секој студент, доколку тоа е потребно да биде доверливо.

**Атмосфера во  предавалната**
Професорите гарантираат дека амбиентот во предавалната го поддржува учењето и тоа се воспоставува пред да започне часот. Ова вклучува распоред на седење, пристап до ИТ, достапност и подготвеност на други извори. Тие исто така обезбедуваат пристап за лицата со посебни потреби. Професорите користат екрани, на пр. релевантни технички информации, дијаграми, постери и работи на студентите за да се создаде  една соодветна атмосфера за учење.

**Почеток и целите на часот**
Часот започнува навреме, правилно се решаваат проблемите со присуството и точност. Конкретните цели и задачи на лекцијата се прикажани на екранот и се споделуваат со студентите  на почетокот на часот.

**Повторување**
Часот започнува со активен преглед, првичен тест или прашања за повторување, кои обезбедуваат стимулативен почеток и можност за зајакнување на разбирањето на студентот за претходните изучени работи.

**Разновидност на стратегии за учење**
Професорите користат различни активни, групни и имагинативни наставни стратегии. Каде може да се вклучат сите, мали групи, работа во парови или индивидуална работа, дебати и презентации. Часот има напредок и разновидност. Предавањето мора се фокусира кон студентите, а не кон професорите – погледнете ја Пирамидата за учење (прилог Б).

**Испрашување**
Професорите користат различни отворени и активни техники за испрашување за да го зголемат знаењето и искуството на студентите, да ги вклучат во предавањето на лекцијата и да го проценат она што го научиле.

**Употреба на јазикот**
Професорите користат јасен и концизен јазик за потребите на студентите, како и за барањата од наставната програма. Тие користат различни стратегии за да се осигурат дека студентите ги разбрале релевантните академски термини. Тие го поддржуваат развојот на литературните, комуникативните и нумеричките вештини на студентите. Тие со помош на коригирање им помагаат на студентите.

**Диференција**
Професорите даваат низа активности или ресурси за проширување и предизвикување на посилните и послабите студенти да учат поактивно. Достапни се висококвалитетни, дополнителни материјали за понатамошни активности .

**Извори**
Професорите користат низа висококвалитетни ресурси за да ја поддржат целта на самиот час и пристап кон сите студенти. Тука може да се вклучат пишани информации или активности, компјутерски извори, презентации, извори генерирани од студентите. Професорите обезбедуваат корисни и интересни веб-страници за да им помогнат на студентите во нивното истражување.

**Вреднувања и цели**
Професорите го вреднуваат разбирањето и учењето на нивните студенти за време на секоја сесија. Тие се грижат за тоа да нивните студенти да ги разберат критериумите за вреднување, а исто така поставуваат и минимални критериуми за нивна успешност. Тие се сигурни дека нивните вреднувања се валидни и правично спроведени, и дека секое вреднување е точно. Тие гарантираат дека повратните информации на студентите им даваат јасни упатства како да ја подобрат својата работа. Тие гарантираат дека оценувањето на час помага да се обезбеди повратна информација за индивидуалниот напредок на студентот.

**Резиме и учење/самостојна работа**
Професорите континуирано го следат учењето и ефективно резимираат на крајот од часот, со позитивно признавање на напредокот или постигнувањата на студентот. Домашните задачи, понатамошните независни студии доколку се добро објаснети, вклучувајќи ги и роковите.

ПРИЛОГ А

## Едно успешно предавање -пример



## Прилог Б
## Пирамида на учење

Наставните методи на пирамидата за учење се базираат на % преоднoст на учење, односно помалку се учи и памти кога ученикот е сам во предавалната, додека повеќе се учи кога студентите се поканети сами да објаснат или демонстрираат нова единица.

